| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Жива и нежива природа |
| **Содржина на денот** | Пролетна песничка |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Емилија Стојкова |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за оддржување на здрави и безбедни навики во домот, градинката и поширокота средина. |
| **Активност** | Разговарајте со детето за живата и неживата природа. Што спаѓа во жива (инсектите, човекот, растенијата итн), а што во нежива природа (сонцето, реката, планината, земјата итн).<br>Потоа слушајте песничка во која се пее за природата. Може да биде и песна која детето веќе ја има слушнато или ја знае.<br>Еве предлог за една убава и доста певлива детска песна, со брз ритам насловена како: „Пролетна песничка“ од фестивалот „Супер Ѕвезда“-2013, во изведба на Анела Мамут.<br>https://youtu.be/Eylbmh4CLLM<br>Најпрво слушајте ја песната неколку пати заедно со детето. Потоа изразно прочитајте го текстот на песната:<br><br>ПРОЛЕТНА ПЕСНИЧКА<br>Буба мара лета на цветна ливада,<br>славејчето пее песна пролетна,<br>багреми разлистале и расцветале,<br>мириса на пролет, шарено е сé!<br>Некаде на Шара свири кавалче,<br>зајче вода пие на бисто поточе,<br>дечиња по тревата се растрчале, |

| | |
|---|---|
| | мириса на пролет, убаво е сé.<br>*Рефрен:*<br>Мајски бумбар зуи прв, застанал на трн,<br>најмил топол сончев зрак, нас не гали пак.<br>Мајски бумбар зуи прв, застанал на трн,<br>пчелка крилца шири в лет, прави сладок мед.<br>Преку прашања раскажете ја содржината на песната. Можете да ги користите приложените фотографии за полесно и побрзо разбирање на содржината.<br>Пример за прашања кои може да му ги поставите на детето:<br>-Во кое годишно време се пее оваа песна?<br>-Кои инсекти се спомнуваат во неа?<br>-Кој летал врз цветната ливада, а кој пеел песна пролетна?<br>-Што правел мајскиот бумбар, а што пеперутката?<br>Откако ќе го обработите текстот на песната, таа ќе му биде поразбирлива за детето, ќе ја потпевнува и ќе сака да ја слуша.<br>Доколку детето има интерес можете да се надоврзете и да ги надоградите знаењата од оваа работна недела насловена како „Жива и нежива природа“, всушност детето може да каже што спаѓа во жива, а што во нежива природа во оваа песна. Потоа може да нацрта на еден лист што е жива природа, а на друг лист што е нежива природа. Доколку на детето му претставува потешкотија да го нацрта тоа, не исистирајте, нека нацрта што сака од ликовите во песната (еден инсект, расцветано дрво, или друго).<br>Додека црта пуштете му ја песната да ја слуша.<br>Можете да ја играте подвижната игра: „Пантомима на животни“. Вклучете ги сите инсекти кои се спомнуваат во оваа песна и имитирајте ги нивните движења.<br>Исто така може да смислите кореографија на оваа песна и заедно со детето да играте и да се забавувате. |